**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА**
**ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА

# П Р О Г Р А М А Т А

# ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2022 ГОДИНА

**За 2022 година**
**(јануари – декември 2022)**

**Скопје, јануари 2023**

ИДЕНТИФИКАЦИСКА КАРТА

| | |
|---|---|
| Назив: | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија - АППРСМ |
| Адреса: | Кеј Димитар Влахов 4, Скопје |
| Основач: | Влада на Република Северна Македонија |
| Ресорно министерство: | Министерство за економија |
| Директор: | Hajrulla Misini |
| Управен одбор: | Jumni Ademi –претседател<br>Златко Колев – заменик претседател<br>Зоран Миладиноски - член<br>Емин Џумкар - член |
| Партнери на АППРСМ: | Министерство за економија<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за финансии<br>Агенција за вработување на Република Северна Македонија<br>UNDP - Програма за развој на Обединетите нации<br>UNOPS - Канцеларија на Обединетите нации за проектни услуги,<br>JICA - Japan International Cooperation Agency<br>Централен Регистар на Република Севрна Македонија<br>Државниот завод за статистика<br>Државен Универзитет во Тетово<br>Стопанска комора на Северна Македонија<br>Сојуз на стопански комори<br>Стопанска комора на северо-западна Македонија<br>Занаетчиска Комора на град Скопје<br>Занаетчиска комора на Severna Македонија<br>Регионални фондации за развој на МСП во Скопје, Куманово, Велес, Струмица и Битола<br>ЕСА Агенции во Тетово, Гостивар и Охрид<br>Други претприемачки центри (REDI – Roma Entrepreneurship Development Initiative)<br>Конзорциум - Европски информативен и иновативен центар Македонија - Европска Комисија (EIICM) |

# Кратенки

| | |
|---|---|
| АППРСМ | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија |
| МЕ | Министерство за економија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите Нации |
| ОДП | Организации за Деловна Поддршка |
| ЕЕН | Европска мрежа на претпријатија |
| МИС | Менаџмент информативен систем |
| ПСВ | Помош за самовработување |
| ИПА | Претпристапни фондови |
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| JICA | Јапонска агенција за меѓународна соработка |
| МИР | Фондација за менаџмент и индустриско производство |
| ВСС | Ваучерски систем на советување |
| РЦ | Регионален центар |
| ЕСА | Агенција за помош на претпријатијата |
| ТАСМЕ | Проект за техничка помош за развој на МСП |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| ММСП | Микро, мали и средни претпријатија |
| НАССР | Систем за производство на безбедна храна |
| ГТЗ | Германско друштво за техничка соработка |
| ПРЕДА | Регионална развојна агенција на Пелагонија ПРЕДА |
| БП | Бизнис план |
| МАСИТ | Македонска асоцијација за информатичка технологија |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| МБПР | Македонска Банка за поддршка на Развојот |
| МРФП | Македонска Развојна Фондација за Прептриемништво |
| YES Inkubator | Инкубатор за млади претприемачи |
| СКСЗМ | Стопанска комора на северо западна Македонија |
| АСИРМ | Агенција за странски инвестиции на РСМ |
| ССКМ | Сојуз на Стопански комори на Македонија |
| ЕБА | Европска бизнис асоцијација |
| ЦЕЕД | Центар за развој на претприемачи и менаџери |
| БСЦ | Центар за развој на бизниси |
| АМПТ | Активни мерки на пазарот на трудот |
| ОПВ | Оперативен план за вработување |
| РП | Рамковна програма |

## МИСИЈА

Развој на претприемништвото и малото стопанство во Република Северна Македонија преку реализација на приоритетни проекти кои ги отсликуваат:

- ✓ Вистинските подрачја на интервенција согласно искажаните реални потреби на малото стопанство, и
- ✓ Владината Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија.

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

- Деловно поврзување во земјата и странство,
- Прибирање, обработка и доставување на информации релевантни за МСП секторот,
- Воспоставување и оддржување на база на податоци и електронска поврзаност помеѓу регионалните центри за поддршка на претприемништвото,
- Реализација на програми од областа на едукацијата, тренингот, обуките и консултантски услуги за МСП секторот,
- Организирање трибини, конференции и бизнис форуми,
- Спроведување програми за соработка со земјите од регионот и пошироко,
- Спроведување останати домашни развојни проекти,
- Финансиска поддршка на МСП преку субвенционирано советување (ваучери),
- Кофинансирање развојни проекти во соработка со домашни и странски инвеститори и донатори.

# С О Д Р Ж И Н А

**1. Активности и проекти според програма на АППРСМ (подпрограма 40)........................ 6**

1.1 Поддршка на Самовработувањето како дел од ОП 2022 на МТСП................................. 6

1.2 Ваучерски систем на советување ........................................................................... 9

1.3. Воспоставување на систем на стандардизирани менторски услуги.............................. 18

1.4. Инфо пулт проект во соработка со регионалните центри.............................................. 22

1.5. Претприемачко образование ........................................................................... 24

1.6. Организирање на обуки за подготовка на бизнис план................................................ 29

1.7. Организирање на обука за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис.................................................................................. 33

1.8. Организирање на обуки за локални консултанти ........................................................ 38

1.9. Организирање на обуки за поддршка на микро и мали претпријатија .......................... 43

1.10. Промоција на социјалното претприемништво.............................................................. 47

1.11. Поддршка на женско претприемништво ...................................................................... 50

1.12 Кофинансирање на Junior Achivment ............................................................................ 54

1.13. Подготовка на годишен извештај – Опсерваторија за МСП ......................................... 58

**2. Финансиски извештај.................................................................................................... 60**

**ВОВЕД**

Во согласност со член  19 од Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништво на Република Македонија (Сл.весник бр. 60/03, 161/09, 171/10, 41/14, 64/18 ), Агенцијата е должна за своето работење и користење на средства да поднесува извештаи до Министерството за економија најмалку два пати годишно и Годишен Извештај до Владата на Република Северна Македонија до 31 јануари за претходната година.

Во извештајот кој го опфаќа периодот јануари - декември 2022 година, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, врз основа на оперативниот и финансовиот план за 2022 година, ги реализираше во континуитет предвидените оперативни активности за овој период кои произлегуваат од Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2022 година, односно активностите и проектите кои се реализираат преку АППРСМ (подпрограма 40).

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11 и 15/13 ) Владата на Република Северна Македонија, на седница одржана на 12 април, 2022 година ја донесе Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2022 година, (објавена во Службен весник на РСМ бр.95 од 18 април 2022 година).

## 1.  Активности и проекти според програма на АППРСМ (подпрограма 40)

### 1.1 Поддршка на Самовработувањето како дел од ОП 2022 на МТСП

Во рамките на подготвителните активности за реализација на оваа програмска активност за време на извештајниот перииод се извршија следните активности:

- Објавен е Јавен повик за избор на советници и јавен повик за избор на членови на Експертска комисија за оценување на бизнис планови,
- Селектирани се дополнителни советници за изработка на Бизнис план и ажуриран е прегледот на овластени советници,
- Направен е преглед на советници овластени за изработка на Бизнис план и истиот е објавен на веб страницата на АППРСМ, во делот на ваучерско советување, Каталог на советници - http://apprm.gov.mk/ConsultantsCatalog
- Изработен е Работен план за првиот циклус по кои ќе се одвиваат средбите помеѓу советниците и клиентите,
- На веб страницата на АППРСМ објавен е распоредот на средбите помеѓу советниците и клиентите од сите фази. Сите овластени советници за изработка на бизнис план, регистрирани во базата на АППРСМ, преку користење на софтверското решение достапно на линкот http://www.samovrabotuvanje.apprm.gov.mk, добија можност да се вклучат во програмата преку одбирање на настани на кои можат да се вклучат за изработка на Бизнис план за невработените лица. Ова се реализираше преку доделување на корисничко име и лозинка на секој советник со што сите се здобија со можност да се пријават за изработка на бизнис план за невработените лица според однапред утврден редослед на настани (виртуелни средби помеѓу советниците и клиентите).

- Според интересите и можностите на советниците, како и потребите на АППРСМ за задоволување на регионалниот принцип на застапеност на советници, направен е преглед на пријавени советници по Центри за вработување и истиот е инкорпориран во апликацијата, односно софтверското решение.
- Имплементирано е софтверското решение за можноста клиентите самостојно да изберат овластен советник кој ќе им помогне при изработката на бизнис планот. Апликацијата беше поставена на страната на АППРСМ на линкот: http://www.samovrabotuvanje.apprm.gov.mk. Кандидатите, врз основа на пријавените советници, добија можност самостојно да одберат соодветен овластен советник кој е пријавен за работа во соодветниот Центар за вработување каде тие аплицирале за програмската активност.
- Изработени се листи на поврзувања помеѓу невработените лица селектирани од страна на Селекционата комисија и пријавените, односно одбраните советниците од Каталогот на АППРСМ. Листите содржат точно место, ден и час на средбите кои требаше да се одвиваат во центрите за вработување во рамки на секоја фаза од програмата "Поддршка за самовработување", кои беа виртуелни. За време на овој извештаен период, во целост, беа реализирани вкупно седум фази. За потребите на овие средби сите селектирани кандидати беа контактирани од страна на центрите за вработување, регионалните центри, како и од страна на избраните советници за да отпочнат со изработка на бизнис план.
- Во рамките на првите четири фази од програмската активност „Поддршка за Самовработување 2022" од вкупниот број на 2139 кандидати, 1154 од нив доставиле електронска адреса, што е услов за да можат да одберат советник, околу 50% од нив избрале советник преку софтверското решенија, а на останатите кандидати, од страна на АППРСМ, им бил доделен соодветен советник за изработка на бизнис планот.
- Од страна на АППРСМ беа известени изведувачите, односно Регионалните центри, како и сите советници вклучени во програмата, за точниот износ на средствата од грантот во висина од 307.500,00 денари (615.000,00 во случај на ДОО),
- Предвидените виртуелни средби помеѓу советниците и невработените лица беа одржани по електронски пат преку телефон, e-mail, viber, итн.
- Предвидените квоти за издавање на ваучери за изработка на бизнис планови од страна на советниците беа согласно Оперативните упатства кои се дел ид прирачникот на процедури за ваучер,
- Ажурирани се списоци на клиенти од сите фази кои се откажале или биле недостапни,
- Заклучно со 31.12.2022 година, во сите фази, од страна на седум регионални центри издадени беа <u>2179 ваучери</u>, се откажаа или не беа достапни <u>230 клиенти</u> и реализирани беа <u>1949 ваучери</u> за изработка на бизнис план и тоа: <u>1909</u> изработени бизнис планови за невработени лица од програмата за Самовработување, 14 бизнис планови за здруженија за

обезбедување услуги на грижа во зедницата и 26 за невработени лица со попреченост[1]

| ЦЕНТРИ | | РЕАЛИЗИРАНИ ВАУЧЕРИ | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Регионален Центар** | **Центар за вработување** | **Самовра ботување** | **Здруже нија** | **Лица со попреченост** | **ВКУПНО** |
| **Битола** | ЦВ Битола | 65 | 1 | / | 66 |
| | ЦВ Демир Хисар | 22 | / | / | 22 |
| | ЦВ Крушево | 5 | / | / | 5 |
| | ЦВ Прилеп | 139 | 1 | / | 140 |
| | ЦВ Ресен | 20 | 1 | / | 21 |
| **ВКУПНО РЦ БИТОЛА** | | **251** | **3** | **0** | **254** |
| **Велес** | ЦВ Велес | 46 | 2 | / | 47 |
| | ЦВ Кавадарци | 66 | / | / | 66 |
| | ЦВ Неготино | 22 | / | | 22 |
| **ВКУПНО РЦ ВЕЛЕС** | | **134** | **2** | **0** | **136** |
| **Куманово** | ЦВ Кратово | 5 | / | / | 5 |
| | ЦВ Крива Паланка | 52 | / | / | 52 |
| | ЦВ Куманово | 163 | / | / | 163 |
| | ЦВ Пробиштип | 23 | / | 1 | 24 |
| | ЦВ Свети Николе | 24 | / | / | 24 |
| **ВКУПНО РЦ КУМАНОВО** | | **267** | | **1** | **268** |
| **Охрид** | ЦВ Дебар | 19 | / | / | 19 |
| | ЦВ Кичево | 44 | / | / | 44 |
| | Македонски брод | 2 | / | / | 2 |
| | ЦВ Охрид | 52 | 1 | / | 53 |
| | ЦВ Струга | 181 | / | | 181 |
| **ВКУПНО РЦ ОХРИД** | | **298** | **1** | **0** | **299** |
| **Скопје** | Скопје | 289 | 5 | 5 | 299 |
| | Албиз | 38 | / | / | 38 |
| **ВКУПНО РЦ СКОПЈЕ** | | **327** | **5** | **5** | **337** |
| **Струмица** | ЦВ Берово | 7 | / | / | 7 |
| | ЦВ Валандово | 10 | / | / | 10 |
| | ЦВ Виница | 14 | / | / | 14 |
| | ЦВ Гевгелија | 38 | / | 2 | 40 |
| | ЦВ Делчево | 24 | 2 | 4 | 30 |
| | ЦВ Кочани | 72 | / | 2 | 74 |
| | ЦВ Радовиш | 26 | / | 1 | 27 |
| | ЦВ Струмица | 55 | / | / | 55 |
| | ЦВ Штип | 40 | / | / | 40 |
| **ВКУПНО РЦ СТРУМИЦА** | | **286** | **2** | **9** | **297** |
| **Тетово** | ЦВ Гостивар | 127 | / | 9 | 136 |
| | ЦВ Тетово | 219 | 1 | 2 | 221 |
| **ВКУПНО РЦ ТЕТОВО** | | **346** | **1** | **11** | **358** |
| **СЕ ВКУПНО ВАУЧЕРИ** | | **1909** | **14** | **26** | **1949** |

[1]Здруженијата за обезбедување грижа на заедницата и Лицата со попреченост беа финансирани од УНДП преку проектот „Креирање можности за работа за сите IV“.

- Од вкупниот број од 173 советници, овластени за изработка на Бизнис план од страна на АППРСМ, изработен е список на 153 советници вклучени во програмата и број на клиенти превземени за изработка на Бизнис план од секој консултант поединечно.
- Известени се сите советници вклучени во програмската активност за начинот и постапката на фактурирање согласно Прирачникот на процедурите за спроведување на програмата на ваучерско советување,
- Од извештаите на советниците кои ги доставуваат до АППРСМ, може да се заклучи дека најголем број од нив оствариле “on-line“ средби со клиентите, а одреден број имале и состанок.
- Организирана е достава од РЦ до Центрите за вработување на АВРСМ, во печатена форма на сите 1909 Бизнис планови изработени од страна на овластените советници и истите, за потребите на експертска комисија која изврши оценување, се поставени “on-line“ на платформа на интернет.

За време на извештајниот период, според податоците добиени од АВРСМ, заклучно со 31.12.2022 година отворени се 1642 нови фирми при што со мерката се вработија 1991 невработени лица, а заклучно 17.01.2023 во овие фирми се вработени 2092 лица.

За потребите на оваа програмска активност[2] беа реализирани 15.610.505,00 денари од кои 3.547.355,00 денари се од ставката 464 и 12.063.150,00 од ставката 425. Средствата се искористени за исплата на изработени бизнис планови на советниците, административен надомест за регионалните центри и надомест на членовите на Експертска комисија за оценување на бизнис плановите.

## 1.2 Ваучерски систем на советување

Програмата за ваучерско (субвенционирано) советување нуди подршка на потенцијалните претприемачи и на постојни претпријатија кои сакаат да реализираат некоја бизнис идеја. Ваучерскиот систем на советување го подржува обезбедувањето услуги на советување и развој на деловна активност во форма на плативи ваучери. Ваучерите им дозволуваат на корисниците да изберат овластени советници според мониторингот и методологијата одобрена од АППРСМ.

Помошта за самовработување се обезбедува бесплатно на невработените, додека поддршката за МСП е во вид на соодветен грант, односно 50% учество на клиентот и 50% субвенција. Во извештајниот период беа реализирани следниве активности:

- Извештај за реализацијата на оваа програмска активност во 2021 година,
- Измени и дополнување на web за консултанти,
- Избор на организации за деловна поддршка во месец мај кои, врз основа на договори, беа вклучени за реализација на програмската активност „Ваучерскиот систем на советување”, во 2022 година при што се реализираше:
    - подготовка и објавување на јавен повик во јавните гласила,

[2] Согласно ОП 2022 од АВРСМ на АППРСМ и беа префрлени 5.793.500,00 денари со кои, заедно со салдото од 2021 во износ од 908.800,00 денари, АППРСМ на сметката 787-17 располагаше со износ од 6.702.300,00 за реализиција на дополнителни бизнис. Од овој износ беа потрошени 6.698.867,00 денари со што салдото на оваа сметка изнесува 3.433,00 денари.

- подготовка на придружна документација кон јавниот повик,
- подготовка на методологија за оценување на апликациите кон јавниот повик,
- оценка и предлог на Комисијата за избор доставен до директорот на АППРСМ за избор на 8 ОДП, од вкупно 8 пријавени на Јавниот повик,
- припрема и потпишување на договори со 8 избрани ОДП,
- почеток на имплементација на Програмата од мај 2022 година.

Резултати во ВСС за овој извештаен период (јануари - 30 декември 2022 година) се следни:

Вкупно издадени 58[3], ваучери за 51 клиент на вкупен износ од 1.201.266,00 денари, а реализирани се **54 ваучери за 38 клиенти** на износ од **1.217.766,00 денари** од кои:

а) За потенцијални претприемачи издадени и реализирани се **11 ваучери за 6 клиенти** на вкупен износ од **93.816,00** денари,

б)За постојни претпријатија издадени се 47 ваучери за 35 клиенти во вкупен износ од 1.101.150,00 денари од кои 4 ваучери за 3 клиенти на износ од 73.500,00 се отповикани и вкупниот број на реализирани ваучери е **43 ваучери за 32 клиенти** на износ од **1.033.950,00** денари,

За административна надокнада на ОДП кои ја и имплеменираат ваучерската програма на регионално ниво планирани беа 20% од вкупниот износ на субвенцијата, а потрошени беа 207.317,00 денари на годишно ниво или 18,38%.




Надокнадата на ОДП е регулирана со посебни нормативи кои се дел од Прирачникот на процедури и Договорите за реализација на програмата кои се склучуваат со секоја ОДП поединечно.

Резултатите во извештајниот период во однос на вклучени клиенти и издадени ваучери се добри со оглед дека Програмата се донесе со големно задоцнување и во голем дел од овој извештаен период сите изведувачи на програмата за Ваучерско советување беа ангажирани во реализација на Програмата на Владата на РСМ за Самовработување[4], при што исто така се издаваа ваучери за невработени лица.

[3] Четири (4) ваучери за 3 клиенти на износ од 73.500,000 беа отповикани поради откажување од страна на клиентите

[4] За програмската активност „Поддршка за САМОВРАБОТУВАЊЕ, како и за проектот “Креирање можности за работа за сите IV“ реализирани се 1935 ваучери за невработени лица и 14 за Здруженија

Резултати за период се како следи:

| ОДП | ВАУЧЕРИ | | | КЛИЕНТИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потенцијални претприемачи | МСП | Вкупно клиенти | Потенцијални претприемачи | МСП | Вкупно ваучери |
| ЕСА Тетово | 0 | 4 | 4 | 0 | 4 | 4 |
| РЦ Куманово | 0 | 3 | 3 | 0 | 2 | 2 |
| РЦ Скопје | 9 | 25 | 34 | 5 | 17 | 22 |
| РЦ Битола | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| ЕСА Охрид | 0 | 3 | 3 | 0 | 3 | 3 |
| РЦ Велес | 0 | 4 | 4 | 0 | 2 | 2 |
| РЦ Струмица | 2 | 2 | 4 | 1 | 2 | 3 |
| РЦ Албиз Скопје | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| | **11** | **43** | **54** | **6** | **32** | **38** |

Статусот со издадените ваучери за време на извештајниот период во однос на нивната реализација е следен:

**Состојба со ваучери**




Од издадените 58 ваучери 54 ваучери се завршени и извршено е плаќање на субвенционираниот дел, а четири ваучери не се реализирани од причина што клиентите го откажале учеството во програмата.

Вкупниот досегашен број на издадени ваучери и односот според целните групи и вкупниот износ може да се од следните графикони:

**Реализирани ваучери според целни групи**




Резултатите покажуваат дека учеството на малите и средните претпријатија како целна група во Ваучерската програма е помало од минатата година и за време на

извештајниот период издадени се 38 ваучери за МСП за разлика од минатата година кога беше издаден 48 ваучери, а бројот на издадени и реализирани ваучери за невработените лица исто така бележи намалување од 2021 година, односно во 2022 година издадени и реализирани се 11 ваучери за 5 клиента кои отвориле сопствен бизнис за разлика од 2021 кога беа реализирани 19 ваучери за 10 клиенти.

Вклученоста на активните претпријатија според големината покажува дека од вкупно вклучените 32 МСП, 59% односно 19 фирми спаѓаат во микро претпријатијата (1-9 вработени), и 12 фирми или 41% припаѓаат на мали претпријатија (од 10-49 вработени), што претставува одредено намалување на учеството на малите претпријатијата од 50% во изминатата 2021 година на 41% во 2022 година.




Регионалната покриеност оваа 2022 година покажа многу поголем интерес на МСП во Скопскиот регион, додека фирмите од другите региони во државата имаа значително намален интерес.




Најголем број од претпријатијата корисници на ваучер се од Скопскиот регион и тоа 19 претпријатија или 59%, од Полошкиот регион 4 (13%), Североисточен регион Југозападниот, Југоисточниот и Пелагонискиот регион по 2 клиента (по 6,25%), и Вардарскиот регион 1 клиент (само 3%). Ова покажува зголемување на учестовото на претпријатија од Скопскиот регион во однос на 2021 година кога ова учество изнесуваше 45%, што не оди во прилог на регионалниот развој, но е одраз на многу поголемата концентрација на МСП во Скопскиот регион кои бараат советодавни услуги. Идната година ќе треба да се обезбеди поголема промотивна активност во останатите региони.

Од вкупно реализирани 54 ваучери за 38 клиенти состојбата според целните групи, односно мали и средни претпријатија и невработени лица кој основале бизниси според половата структура е следна:










Од вкупно 38 клиенти во Ваучерскиот систем на субвенционирано советување во 2022 година состојбата на корисници според половата структура е следна:




Кога ќе се земе во предвид вкупниот број на ваучери и вкупниот број на клиенти вклучени во Програмата на ВСС, се забележува дека за секој клиент во просек се издаваат 1,42 ваучери за еден клиент, односно за секое невработено лице издадени се по 2,2 ваучера или вкупно 11 ваучери. За 32 МСП реализирани се 43 ваучери.

Имајќи го во предвид вкупниот износ за издадените и реализирани ваучери од 1.217.766,00 денари и вкупниот број на часови на советување од 1854 часови од кои 1636 специјалистички и 218 општи (генерални) доаѓаме до просечна цена на

советнички час од 657,00 денари одговара на условите и пазарот на консултантски услуги во Република Северна Македонија.

Просечниот износ сметан по ваучери изнесува 20.855,00 денари, а по клиенти изнесува 29.678,00 денари, што е над износите на минатата 2021 година кога просечниот износ по ваучери беше 18.329,00 денари, а по клиент 25.585,00 денари. Ова е од причина што во програмата учествуваа помал број клиенти, а сумата за ваучерите беше иста.

Просечниот износ сметан по ваучери и по клиенти може да се види од следниот графикон:




Состојбата одделно за секоја целна група, односно МСП и потенцијални претприемачи (невработени лица) е следна:







Може да се забележи дека, со оглед на посложениот процес на советување кај малите и средните претпријатија, износот на субвенцијата е безмалку три пати поголем од износот кај невработените лица и изнесува 24.045,00,00 денари по ваучер (390 ЕВРА), односно 32.311,00 денари по клиент (525 ЕВРА), што заедно со личното учество на малите и средните претпријатија (50%) може да се каже дека советодавната интервенцијата е на износ од околу 64.600,00 денари (1.050 ЕВРА) по клиент. Овој износ бележи зголемување од 16,75 % во однос на 2021 година кога субвенцијата изнесуваше 27.675,00 денари. Ова се должи на користење на покомплексни советодавни услуги од страна на малите и средните претпријатија.

Во однос на користењето на советодавните услуги од советници (специјалисти или генералисти) од страна на клиентите состојбата е следна:







Од горенаведените графикони забележливо е дека учеството на генералистите според бројот на клиенти е малку помало во однос на специјалистите, а кога се гледа според ангажираните средства учеството на специјалистите е многу поголемо, односно специјалистите потрошиле 87% од предвидените средства. Ова се должи на фактот специјалистичките услуги се по обемени, а со тоа и бараат ангажирање на поголеми финансиски средства за разлика од услугите од страна на советници-генералисти кои највеќе се сведуваат на помош на невработените лица во делот на проверка на бизнис идејата и подготвка на одржлив бизнис план, како и помош околу регистрацијата на компанијата и неопходни дозволи, лиценци и други усливи за отпочнување со работа.

За 41 ваучери реализирани од страна на специјалисти потрошени се 981.300,00 денари, а за 13 ваучери реализирани од страна на генералисти резервирани и платени се 146.466,00 денари, односно просечен ваучер за ангажирани специјалисти изнесувал 23.934,00 денари, а за генералисти 11.266,00 денари.

Во следните графикони дадени се видот на побараните и добиени советодавни услуги според подрачја на советување и според видот на советување:






Како што може да се забележи најбарани се услугите за деловно планирање, потоа подготовка за ИСО 9001 и ИСО 14001, од причина што се повеќе МСП се одлучуваат да имплементираат некој стандард. Ова е од причина што се повеќе мали и средни претпријатија осознаваат дека нивната продуктивност, а со тоа и конкурентоста на нивните производи/услуги се зголемува со имплементацијата на овие стандарди. Секако имплементацијата на стандардите за квалитет има и промотивен ефект за компанијата.

Другите услуги кои преку соодветни консултанти ги нуди АППРСМ се уште не се доволно барани од страна на МСП, што наложува дека треба да се вложат уште поголеми напори во промоција на програмата во целост, како и да се обезбедат повеќе средства од досегашните, што со Програмата на Агенцијата за 2022 година делумно е постигнато.

Со воведување на менторските услуги во АППРСМ се очекува заинтересираноста, а со тоа и бројот на клиенти и издадени ваучери за разни видови услуги за МСП, значајно да се зголеми.

Распределбата на консултантските услуги според дејноста на МСП е следната:

Ваучери според дејноста на МСП




Вкупните видови на услуги дадени на МСП се следните:

**Видови на реализирани услуги во МСП**




Треба да се напомене дека со оглед на скромната сума за субвенција која се одобрува за Програмата на ВСС и малата промоција, квалитетот на реализираните проекти е на завидно ниво кое секако со ангажирање на поголем број консултанти постојано ќе се подобрува и подигнува.

За време на извештајниот период кај целната група потенцијални претприемачи отворени се 5 нови фирми и 5 лица, претходно беа евидентирани невработени лица, се самовработија.

Кај целната група постојни микро и мали претпријатија, зголемени се барањата од страна на микро и малите претпријатија, за изработка на инвестициони програми за аплицирање за кредитни средства кај комерцијалните банки и за аплицирање кај Фондот за иновации. Исто така зголемени се барањата од фирмите за воведување на системи за квалитет, пред се ISO стандардите, односно 9001, 14001 и 45001. Преку примена на овие стандарди фирмите ги подобрија своите организациони и управувачки вештини и очекуваат зголемување на вкупниот промет, зачувување на постојните вработувања и вработувања на нови лица преку подобрување на целокупната организација во работењето.

Во моментот на издавањето на ваучерите кај целната група микро и мали претпријатија, кај 32 клиенти кои користеа ваучери за субвенционирано советување, вработени беа вкупно **310 лица, а на крајот на годината вработени беа 325 лица или 15 вработени повеќе**.

Една општа опсервација од периодот на имплементација на ВСС е дека шемата е дизајнирана соодветно за развојот на микро и мали претпријатија во земјата, воспоставена е една цврста основа за ваучерската шема да функционира ефикасно и ефективно и дека шемата има постигнато позитивни резултати, а **задоволноста на клиентите од добиените советодавни услуги е преку 95%**.

Во овој извештаен период за програмската активност “Ваучерски систем на советување“ беа реализирани 1.381.355,00 денари за субвенции, за административна надокнада за изведувачите и за промотивни активности.

## 1.3. Воспоставување на систем на стандардизирани менторски услуги

АППРСМ продолжува со реализацијата на стандардизираните менториски услуги наменети за МСП, оваа година и со новата и надградена поддршка на Јапонската Агенција за меѓународна соработка, односно проектот “Зајакнување и проширување на менторските услуги за МСП во земјите на Западен Балкан“ (2022-2024), кој се спроведува преку постојната мрежа на Регионални Центри (РЦ) и 14 овластени ментори. Проектот претставува продолжување на претходната фаза на воспоставување на системот на менторски услуги (2018- 2020).

Во подготвителниот период направени се серија состаноци со јапонските експерти при што потпишан е Меморандум за Разбирање за зајакнување и проширување на менторски услуги за МСП во земјите на Западен Балкан, помеѓу АППРСМ и JICA. Составен дел на Меморандумот е Работниот план на активностите на ангажираните експерти.

Почетните активности се однесуваат на спроведеното истражување меѓу корисниците на менторските услуги од 2019 и 2021 година, односно беше изработен и испратен прашалник до 80 корисници (претпријатија), од кои 70% (56) пратија повратен одговор на истиот. Воедно, беа направени и 10 директни средби на јапонскиот експерт и корисниците на менторските услуги, како и директни разговори со ангажираните ментори. Врз основ на добиените информации од спроведеното истражување, беше изработен документ - Основен извештај од спроведено истражување, кој се однесува на сите 4 партнери во проектот. На тој начин се детерминираа правците на идните активности, кои ќе придонесат кон подобрување на менторските услуги кон корисниците.

На 2 и 3 јуни 2022 година, во Скопје беше реализирана дводневна обука на тема "Каизен – основно ниво", спроведен од страна на експерт од Развојната Агенција на Република Српска и експерт за Каизен од JICA (Јапонија). Обуката беше структурирана во два дела, еден ден теоретски дел, додека вториот ден се спроведе практична обука во однапред избрано претпријатие заинтересирано за спроведување на овој вид на организациско подобрување преку воведување на Каизен методот. Реализацијата на обуката се темелеше на претходни консултации со менторите, но пред се со компании од Скопје и Струмица со цел утврдување на интересот за воведување на Каизен методот во нивното работење.

На 15 јуни 2022 година беше организирана "Работилница за ментори", спроведена од страна јапонски експерт од JICA, чија цел беше преку групни дискусии да се дојде до начини за подобрување на менторскиот процес.

Во периодот од 3 до 31 мај 2022 година беше објавен Јавен Повик за спроведување на менторски услуги во МСП. Повикот беше соодветно промовиран преку македонската информативна агенција (mia.mk), објавен на 10 интернет портали, фејсбук страната на проектот и АППРСМ, како и преку мрежата на РЦ. Воедно со помош на Регионалните Центри од Охрид, Битола и Тетово, беа реализирани и работилници за промоција на јавниот повик, менторството, со присутни претставници на претпријатија кои биле менторирани во претходните години. Согласно методологијата на работење во проектот, пријавувањето на претпријатијата се одвиваше со поднесување на пријава во надлежните РЦ, каде беше извршената проверка на техничките барања и препорака за учество на повикот и нивна достава до АППРСМ.

Комисијата за избор во АППРСМ одобри за менторирање 49 пријави, односно 48 пријави (бидејќи 1 клиент се откажа). Процесот на менторирање се одвиваше во текот на шест месеци и заврши на 15 ноември 2022 година. МСП кои аплицираа и беа избрани за добивање на услугата добија вкупно 1900 менторски часа поддршка, односно - ***25 часа*** (за новоосновани претпријатија или претпријатија кои имаат мал број на вработени и поедноставна организациска поставеност, во смисол помали работилници, трговски или угостителски објекти или услуги од типот на козметички или сметководствени услуги) и ***50 часа*** (постоечките претпријатија, постари од 3 години, како и оние новосновани, каде потребата, односно сложеноста на ситуацијата во која се наоѓа компанијата тоа го наложуваше).

Подоле е даден табеларен и гафички приказ на бројот на менторирани клиенти и спроведени менторски часови, по регионални центри:

| ,Р.бр. | Регионален Центар | Број на клиенти | Број на менторски часови |
|---|---|---|---|
| 1 | ЕСА Охрид | 6 | 250 |
| 2 | ЕСА Тетово | 6 | 300 |
| 3 | Р.Ц. Битола | 10 | 375 |
| 4 | Р.Ц. Куманово | 9 | 350 |
| 5 | Р.Ц. Скопје | 9 | 350 |
| 6 | Р.Ц. Струмица | 7 | 250 |
| 7 | Р.Ц. Велес | 1 | 25 |
| | **ВКУПНО:** | **48** | **1900** |

Процесот на менторирање во 2022 година, иако со задоцнување поради задоцнетото одобрување на Програмата за работа и соодветно буџетот на АППРСМ, се одвиваше непречено и со почитување на сите правила за спроведување на стандардизираниот процес на менторирање.

На 19 септември 2022 година беше организирана “Средба на сите ментори – презентација на менторирани компании во 2021 и размена на искуства“, со присуство на јапонски експерти. Презентациите беа структурирани со цел да се види кои алатки се користени во процесот на менторирање и нивна примена, евентуалната промена на целите пред и по фазата на дијагноза, интервенциите во акцискиот план во текот на менторството и придобивки од менторскиот процес.

Во периодот од 14 – 21 октомври се реализираа серија на OJT – или практична обука во компаниите опфатени со спроведувањето на менторските услуги. Редовната постапка на посети и разговор со корисниците на услугата и нивните ментори од страна на српски и јапонски експерти, покажа дека генерално процесот на менторство се одвива тековно и согласно Методолгијата, како и дека нема позначајни отстапувања. Посетите беа корисни, а размената на информации и согледувања од теренската посета резултираше со помали корекции и интезивирање на процесот, што секако се рефлектираше на крајниот исход кој го констатира Комисијата при евалуација на завршните извештаи од страна на менторите.

Дополнителна вредност на овој вид на обуки во компаниите и на конкретен случај е што, на веќе обучените ментори им ги освежува знаењата и вештини, токму во овој важен сегмнент, бидејки во текот на овој проектен период кој ќе трае и во наредните три години, ке биде заокружен македонскиот модел на стандардизирани менторски услуги, односно спроведување на обуки за обучувачи на нови ментори како предавачи во училница - CRTT и како теренски тренери, обучувачи - OJTT. Тоа значи дека македонската менторска мрежа ќе стане самодржлива и ќе може и по завршувањето на проектната поддршка од JICA, стандардизираните менторски услуги да бидат самостојна активност со сопствени обучувачи, кои ќе ги креираат новите генерации на ментори.

Во прилог на активностите околу зајакнување на мрежата на ментори во текот на 2022 година во месец ноември се обучија уште 10 нови ментори на предлог на овластените седум Регионалните Центри преку принципот на обука во училница – CRT, добивајќи ги најновите и подобрени наставни материјали и водичи наменети за

овој вид на обука. Овие ментори се подготвени да се придружат на останатите и ќе започнат со спроведување на менторските услуги од 2023 година.

Значајно е дека оваа година беа опфатени 48 компании, кои според староста, 20 компании се новоформирани и 28 компании се постоечки, т.е. функционираат на пазарот повеќе од три години. Од наведените, особено радува што дури 21 компанија се раководени од страна на жени претприемачи и претставува тренд што секоја година се зголемува.

Во однос на бројот на вработени во компаниите кои во 2022 година кои беа опфатени со менторската поддршка вкупно доминираат компаниите до 5 вработени односно 30 компании, со над 5 вработени се 18 компании.

Од причини што со воведувањето на менторството пред 5 години во системот за поддршка на МСП, Агенцијата успеа да создаде ефективна синергија која ја користат претприемачите, особено ново формираните компании, помага тие подобро да се етаблираат на пазарот и поуспешно да ја надминат раната и ранлива фаза на своето работење. Фактот што од сите 48 менторирани компании, во оваа година 9 компании се основале преку проектот Самовработување.  во соодност - 6 новоформирани компании и 3 постоечка, само зборува во прилог дека на сите компании, а особено на ново формираните им е од особено значење дека по добиената финансиска помош за основање на претпријатие и самовработување, преку АППРСМ има програма која е бесплатна, а која им стои на располагање како помош за надминување на предизвиците на раната фаза на функционирање, дефинирањето на основната цел и мисија на нивото работење, да имаат на располагање важни совети и информации од областа на водењето на финасиите, изработка на финасиски план за работа или извори на дополнително финансирање, доколку тоа им е потребно, како и други важни области, како: организација на работењето, систематизација на работните места, заради подобро искористување на човечкиот потенцијал, а особено поддршка при изработка на маркетиншки план и можностите кои ги нудат социјалните медиуми како достапни и ефективни средства за поголема видливост, промоција и позиционирање на пазарот, особено корисно за новоформираните компании.

Процесот на менторирање заврши во предвидениот рок, а завршните извештаи беа испратени до АППРСМ. Комисијата за евалуација ги разгледа сите извештаи констатира дека и оваа година, покрај сите потешкотии предизикани од долготрајната криза, притоа имајќи го вид нивото на задоволноста и позитивните искази за корисноста од поддршката кои корисниците ја споделија со тимот на АППРСМ, одлучи да го исплати договорениот износ, според висината на доделените часови менторска поддршка.

По успешно завршувањето на ментоскиот процес, на 22 декември 2022 година**,** за прв пат од почетокот на спреоведување на менторските услуги, се одржа настанот Менторска награда. Поради кризата во последните две години, менторската награда како редовна активност која ке се одржува секоја година, во 2022 година беше спроведена како рекапитулација на сите години од спроведување на услугите, освен 2022, односно за годините 2018-2021. Бидејки овој настан е еднодневна активност, секој овластен Регионален Центар имаше можност да го издвои најзначајниот и надобриот пример за спроведно менторство во наведениот период во нивната средина. Нивните изнесени искуства низ презентациите беа одлична можност да се

согледа комплексноста на менторската мисија, начинот на комуникација со клиентите и процесот на менторирање како релативно долготраен процес на интерактивна поддршка на МСП од страна на стручно лице.

Настанот воедно беше и добра можност за промоција на новите 10 ментори во мрежата, кои со процесот на менторирање ќе започнат веке во 2023 година.

За оваа програмска активност потрошени се вкупно 2.352.789,00 денари.

## 1.4. Инфо пулт проект во соработка со регионалните центри

Целта на проектот „ИНФО ПУЛТ" е поврзување на институциите на системот како носители на економската политика и стратегија со малите и средни претпријатија, односно како носители на економскиот развој.

Претприемачите и потенцијалните основачи на нов бизнис од страна на Организациите за деловна поддршка можат да добијат најразлични информативни услуги и конкретни информации за малото стопанство како:

- Информирање за можните форми и институции за обука на претприемачи;
- Информации од областа на деловната помош и финансирање,
- Информации за потенцијалната консултантска помош за решавањето на конкретните проблеми во работењето;
- Информации за можностите за инвестирање во регионот, извозните можности, бизнис контакти и други информации и совети;
- Информации за можностите за учество и аплицирање во домашни, странски и меѓугранични проекти;
- Информации, обуки и совети за лицата опфатени со Програмата на Владата на РМ за поддршка на самовработувањето во текот на првата година од работењето на фирмата;
- Информации за извори на финансирање;
- Информации за саеми, трговски мисии и бизнис форуми во земјата и странство;
- Други деловни информации и интернет истражувања.

Во текот на извештајниот период беше реализиран избор на организации за деловна поддршка кои започнаа со реализација на програмската активност „ИНФО ПУЛТ" за 2022 година, при што се реализираше:

  - подготовка и објавување на јавен повик во јавните гласила,
  - подготовка на придружна документација кон јавниот повик,
  - подготовка на методологија за оценување на апликациите кон јавниот повик,
  - оценка и предлог на Комисијата за избор доставен до директорот на АППРСМ за избор на 9 ОДП,
  - припрема и потпишувањена договори со 9 избрани ОДП,
  - почеток на имплементација на Програмата од мај 2022 година.

| Р.бр. | Центар | Град | Број на клиенти |
|---|---|---|---|
| 1 | ЕСА Охрид | Охрид | 63 |
| 2 | ЕСА Тетово | Тетово | 63 |
| 3 | Р.Ц. Битола | Битола | 63 |
| 4 | Р.Ц. Куманово | Куманово | 63 |
| 5 | Р.Ц. Скопје | Скопје | 63 |
| 6 | Р.Ц. Струмица | Струмица | 63 |
| 7 | Р.Ц. Велес | Велес | 63 |
| 8 | Занаетчиска комора Скопје | Скопје | 63 |
| 9 | Албиз | Скопје | 63 |
| | **ВКУПНО:** | | **567** |

Како што може да се забележи заклучно со декември 2022 година вкупно биле вклучени 567 клиент во 9 Инфо центри. Бројот на информативно советодавни услуги дадени на клиентите се движи според планираното и регионите се подеднакво застапени, освен во Скопје каде делуваат 3 Инфо центра и бројот на клиенти кои побарале некоја информација достигнува 189 клиента.

Во делот на побараните информации од клиентите состојбата е следна:




Регионално гледано состојбата со клиентите во Инфо Пулт проектот во текот на 2022 година може да се види од следниот графички приказ:




Прегледот на дадени услуги по центар е подеднаков кај сите, односно:




Заклучно со 30 декември, за активноста ИНФО ПУЛТ исплатени се средства во висина од 400.050,00 денари.

## 1.5. Претприемачко образование

Главна цел на обуките е подигање на свеста и знаењето за отпочнување претприемачки потфати и промоција на претприемништвото кај младите луѓе, како и развој на претприемничкиот дух и култура потребни за отворање на сопствен бизнис. Фокусот е на можностите кои ги нудат дигиталните алатки и можностите за зелено претприемништво.

**Целна група**

- Ученици од средни училишта
- Студенти/универзитети

- Млади луѓе кои не припаѓаат на споменатите категории
- Невработени

Процес за изведување на обуката

Обуката се реализираше преку комбинација на теоретска настава и практична обука во траење од 5 часа. Се примени метода на искуствено учење во која слушателот е во фокус на наставата по системот на претприемачко учење на Универзитетот Харвард (САД.). Методите кои се применија се наставни листи, студии на случај, видео материјали како индивидуална и групна работа. Беа поделени брендирани печатени материјали х 103 комплет со текстуален дел и презентации на темите за секој учесник. Материјалите беа споделени и преку клауд платформа. Дополнително, бидејќи младите генерации се многу динамични и бараат различни пристапи кон учење беа вклучени мотивациски говорник, практична обука, дискусија и активности во кои наменски ќе ги користат мобилните телефони.

Во подготвителниот период беа контактирани средните училиштата и факултетите на целата територија на Република Северна Македонија. Организацијата Џуниор Ачивмент, помогна во информирање на професорите преку својата мрежа на професори по предметот Бизнис и претприемништво. Обуките беа реализирани во Штип, на 6ти септември во „САБА“ Штип; Радовиш, 6ти септември во СОУ „Коста Сусинов“; на 13ти септември во Скопје, во „Американска Гимназија Скопје - АХСС“, и на 21ви септември 2022 во Дебар во СОУ „28 Ноември“.

За оптимална посетеност на обуките беа информирани медиумите, а истото беше комуницирано преку Фејсбук страницата на АППРСМ. Формулар за пријавување беше споделен со потенцијалните образовни институции за обуката преку директен емаил.

Обуките ги изведуваа универзитетски професори и претприемачи и меѓу кои и: проф. др. Марјан Бојаџиев, проф. др. Филип Ивановски, асс. Македонка Димитрова и асс. Надежда Поп Костова.

На крајот секому беа доделени  сертификати за успешно завршена обука. За брендирање на овие програмски активности се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за АППРСМ.

Релевантноста на овогодинешната тема „Претприемачко образование на 21век: Вештини за дигитално и зелено претприемништво“ е основана врз тоа дека дигитализацијата е неопходна за брз економски раст и напредок на секоја компанија особено на новоформираните, а просецот подразбира употреба на дигитални технологии и дигитални алатки за прилагодување на бизнис-моделите кон модерниот потрошувач, новите генерации на потрошувачи како и оптимизација на трошоците за работење и стекнување на конкурентна основа. Дигиталната трансформација внесува конкретни промени во бизнисот, развој на нови бизнис-модели и зголемување на конкурентноста на пазарот.

На обуките земаа учество 103 слушатели од Скопје, Штип, Радовиш и Дебар. Родовата структура броеше 43% мажи и 57% жени, додека пак според родовата припадност 76% биле Македонци, 13% Албанци, 3% Срби, 3% Турци, 3% Бошњаци, 1% Роми и 1% останато.

Комуникациска стратегија
За сите обуки се изготвија идентични материјали, и тоа:

- Фејсбук објава за настанот на официјалната страница на АППРМ #apprmk
- Покана за медиумско покривање
- Напис на Фејсбук за настанот со достапност на повеќето фотографии и снимени видеа
- Сертификати за успешно завршена обука
- Фотографиите од настанот беа споделени на ФБ и на ЛинкедИН
- Онлајн евалуациска форма беше споделена со сите учесници.

Статистика на Фејсбук укажува на зголемени посети, интеракции и коментари од посетители, а се поврзани со објавите за обуките.

Евалуацијата на слушателите
Според предвиденото беа реализирани евалуации за обуката, содржината, предавачите. Собрани се вкупно 98 евалуациски формулари, а резултатите се поместени подолу во текстот. Одговорите се на скала од 1 - негативно искуство или целосно незадоволство до 5 позитивно искуство и целосно задоволство.

Графикон 1. Темите опфатени со обуката ги задоволија вашите очекувања.

Според предвиденото беа реализирани евалуации за обуката, содржината, предавачите. Собрани се вкупно 98 евалуациски формулари, а резултатите се поместени подолу во текстот. Одговорите се на скала од 1 - негативно искуство или целосно незадоволство до 5 позитивно искуство и целосно задоволство.

Графикон 1. Темите опфатени со обуката ги задоволија вашите очекувања.



Графикон 2.  Квалитет на материјалите за обука




Графикон 3. Задоволство од предавачите




Графикон 4. Задоволство од просторијата каде што се одржа обуката.



Графикон 5. Се стекнав со нови знаења за дигитално претприемништво и зелени бизниси.




Графикон 6. Се запознав во вештини за генерирање на идеи и пребарување можности за отпочнување на дигитално претприемништво и зелени бизниси.




Графикон 7. Се запознав со целите за одржлив развој на ОН.



Заклучок

Сметаме дека обуката ги задоволи очекувањата и предвидените активности. Резултатите од спроведената евалуација укажува на фактот дека темите биле соодветно предадени, дека присутните се стекнале со нови искуства, понатаму дека се задоволни и од предавачите и од обуката севкупно. Од повратниот одговор на слушателите може да се заклучи дека кај 90% се стекнале со дополнителни знаења за дигитално претприемништво и зелени бизниси, понатаму голем број од учесниците се запознале во вештини за генерирање на идеи и пребарување можности за отпочнување на дигитално претприемништво и зелени бизнис, за 88% од учесниците обуката понудила квалитетни материјали. Понатаму 76% се изјасниле дека се запознале со целите за одржлив развој на ОН. Високи 90% од учесниците се задоволни од предавачите.

Во овој извештаен период за оваа програмска активност беа реализирани 191.100,00 денари.

## <u>1.6. Организирање на обуки за подготовка на бизнис план</u>

Главна цел на Обуката беше слушателите да се мотивираат и се стекнат со претприемачки вештини како и да знаат самостојно да изработат дигитален и зелен бизнис модел. Специфичните цели на овие обуки се да се постигне поголема стапка на бизниси започнати од млади лица, да се подобри способноста за извршување и поттик за самореализација, дополнително да се запознаат со достапни програми за финансирање и поддршка во фазите на ран развој на бизнисот, да поттикне локалниот развој, да се намали миграцијата кон Скопје и да се спречи иселувањето од државата.

Во рамки на обуките се разработуваа теми како препознавање што е тоа бизнис план и бизнис модел, препознавање кои потреби ги задоволува нивниот бизнис, како да ги одредат побарувачката и понудата во дигитални услови, примена на алатка за Емпатија на дигитален клиент, разработка на дигитални приходни модели како и стекнување на вештини за презентирање на бизнис идеја и бизнис модел и запознавање со програмите за финансирање на млади бизнис на државно ниво. Се стекнуваат вештини за комбинирање на дигитален со класичен бизнис модел, и комбинирање на дигитални алатки со класичен бизнис модел.

**Целна група**

- Ученици од средни училишта
- Студенти/универзитети
- Млади луѓе кои не припаѓаат на споменатите категории

Обуката се реализираше преку комбинација на теоретска настава и практична обука во траење од 5 часа. Се примени метода на искуствено учење во која слушателот е во фокус на наставата по системот на претприемачко учење на Универзитетот Харвард (САД.). Методите кои се применија се наставни листи, студии на случај, видео материјали како индивидуална и групна работа. Беа поделени брендирани печатени материјали x 221 комплети со текстуален дел и презентации на темите за секој учесник, како и печатениот материјал на авторите Димитрова и Ивановски „Бизнис план на дигитален и зелен бизнис модел“. Материјалите беа споделени и преку клауд платформа.

Во подготвителниот период беа контактирани средните училиштата и факултетите на целата територија на Република Северна Македонија. Обуките беа реализирани во Куманово СОУ „Перо Наков“ на 16 септември, во Дебар на 21 септември во СОУ „28 Ноември“, на 22 септември во Гостивар во СОУ „Гостивар“, во Велес СОУ „Кочо Рацин“ на 27 септември, на 27 септември во Св. Николе во СОУ „Кочо Рацин“, Скопје, во Американска Гимназија Скопје на 28ти септември 2022 г., Кичево на 23 септември во училиштето СОУ „Мирко Милески“ и 20 септември во СОУ „Нико Нестор“ во Струга. На барање на директорот и предметниот наставник од СОУ „Кочо Рацин“ од Свети Николе, се реализирање една дополнителна обука на 20ти септември 2022 година. Обуките ги изведуваа универзитетски професори и претприемачи и меѓу кои асс. Македонка Димитрова, проф. др. Марјан Бојаџиев, проф. др. Филип Ивановски, и проф. др. Снежана Саламовска Мојсовска.

За оптимална посетеност на  обуките беа информирани медиумите, а истото беше комуницирано преку Фејсбук страницата на АППРСМ. Формулар за пријавување беше споделен со потенцијалните кандидати за обуката преку директен емаил, но и јавување на кандидатите кои биле дел од минатите обуки за наставници на АППРСМ. На крајот беа секому доделени  сертификати за успешно завршена обука. За брендирање на овие програмски активности се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за АППРСМ.

На обуките земаа учество 221 слушатели од Скопје, Куманово, Велес, Струга, Дебар, Гостивар, Кичево и Св. Николе. Родовата структура броеше 59% жени и 41% мажи, додека според родовата припадност 68% биле Македонци, 12% Албанци, 6% Срби, 7% Роми и 3% Власи, и 4% останати неспоменати националности.

Комуникациска стратегија за обуките:







За сите обуки се изготвија идентични материјали, и тоа:

- Фејсбук објава за настанот на официјалната страница на АППРМ #apprmk
- Напис на Фејсбук за настанот со достапност на сите фотографии уште истиот ден
- Сертификати за успешно завршена обука
- Фотографиите од настанот беа споделени на ФБ
- Онлајн евалуациска форма беше споделена со сите учесници на крајот од секоја обука.

Статистика на Фејсбук укажува на зголемени посети, интеракции и коментари од посетители, а се поврзани со објавите за обуките. Објавите достигнале интеракција со 1420 лица, што е 60% повеќе од инволвираниот број на слушатели во обуките за претприемачко образование.

Резултати од евалуацијата

Може да се заклучи дека темите биле соодветно предадени од повратниот одговор на слушателите, понатаму дека присутните се стекнале со нови искуства и дека се задоволни и од предавачите и од обуката севкупно. Од повратниот одговор на слушателите може да се заклучи дека повеќе од 90% се стекнале со дополнителни знаења за дигитално и зелено претприемништво како и дигитални и зелени бизниси. Понатаму 69% се изјасниле дека се запознале со целите за одржлив развој на ОН. А обуката е оценета како многу ефикасна од страна на слушателите во целост.

Прилог 1. Евалуацијата на слушателите

Според предвиденото беа реализирани евалуации за обуката, содржината, предавачите. Собрани се вкупно 101 евалуација, а резултатите се поместени подолу во текстот. Одговорите се на скала од 1 - негативно искуство или целосно незадоволство до 5 позитивно искуство и целосно задоволство.

Графикон 1. Квалитет на материјалите за обука




Графикон 2. Се стекнав со нови вештини за дигитално претприемништво и градење дигитални бизнис модели



Графикон 3. Се стекнав со нови знаења за зелени бизнис модели




Графикон 4. Се запознав со целите за одржлив развој на Обединетите Нации




Графикон 5. Севкупно задоволство од обуката



Заклучок

Може да се заклучи дека темите биле соодветно предадени од повратниот одговор на слушателите, понатаму дека учениците се стекнале со нови искуства и дека се задоволни од обуката севкупно. Од повратниот одговор на слушателите може да се заклучи дека повеќе од 89% односно 90% се стекнале со дополнителни знаења за дигитално и зелено претприемништво како и дигитални и зелени бизниси. Понатаму 63% се изјасниле дека се запознале со целите за одржлив развој на ОН што може да се земе за недоволна запознаеност во темите, а истото би претставувало предлог за тема на идните обуки со оглед на важноста на одржливиот развој и постигнување на специфичните цели кон кои Република Северна Македонија се заложила. А обуката е оценета како многу ефикасна од страна на слушателите во целост.

Во овој извештаен период за оваа програмска активност беа реализирани 248.320,00 денари.

## 1.7. Организирање на обука за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис

Главна цел на Обуката е слушателите да го збогатат своето знаење во доменот на новите трендови од областа на претприемништвото, дигиталното претприемништво, зелено претприемништво. Да се запознаат со новите методи на социјалното претприемачко учење со цел поттикнување на младите да отвораат сопствени бизниси како и да го проширување на мрежата на соработници и колеги во доменот на делување.

Целна група

- Наставници од средни училишта кои предаваат Претприемништво и бизнис
- Професори од високообразовни институции кои држат настава поврзана со претприемништво и започнување на бизниси

Обуката се реализираше преку комбинација на теоретска настава и практична обука во траење од 5 часа и еден час кафе паузи. Беше применета метода на искуствено учење во која слушателот е во фокус на наставата по системот на претприемачко учење на Универзитетот Харвард (САД.). Методите кои се применуваа се презентација, наставни листи, студии на случај, како и индивидуална и групна работа.

Беа поделени брендирани печатени материјали x 105 комплети со текстуален дел и презентации на темите за секој учесник. Материјалите беа споделени и преку клауд платформа. Дополнително, за подобра динамика на предавањата беа воведени и различни пристапи кон учење. Затоа предвидовме и: мотивациски говорник, практична обука, дискусија и други активности.

Во подготвителниот период беа контактирани средните училиштата и факултетите на целата територија на Република Северна Македонија. Организацијата Џуниор Ачивмент, помогна во информирање на професорите преку својата мрежа на

професори по предметот Бизнис и претприемништво. Обуките беа реализирани во Скопје, на 30ти и 31ви август на Универзитет Американ Колеџ, на 19ти септември во СОУ „Орде Чопела“ во Прилеп и на 1ви октомври во Охрид во СОУ „Св. Кирил и Методиј“.

За оптимална посетеност на обуките беа информирани медиумите, а истото беше комуницирано преку Фејсбук страницата на АППРСМ. Формулар за пријавување беше споделен со потенцијалните кандидати за обуката преку директен емаил, но и јавување на кандидатите кои биле дел од минатите обуки за наставници на АППРСМ. Сите учесници го најавија своето присуство.

Обуките ги изведуваа универзитетски професори и претприемачи и меѓу кои и: проф. др. Марјан Бојаџиев, проф. др. Снежана Христова и проф. др. Филип Ивановски.

На крајот беа секому доделени сертификати за успешно завршена обука. За брендирање на овие програмски активности се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за АППРСМ.

Релевантноста на овогодинешната фокус на обуките кон темите - дигитални алатки за претприемачко образование, дигитални и зелени бизнис модели, е основано врз тоа дека дигитализацијата е неопходна за брз економски раст и напредок на секоја компанија особено на новоформираните, а просецот подразбира употреба на дигитални технологии и дигитални алатки за прилагодување на бизнис-моделите кон модерниот потрошувач, новите генерации на потрошувачи како и оптимизација на трошоците за работење и стекнување на конкурентна основа. Дигиталната трансформација внесува конкретни промени во бизнисот, развој на нови бизнис-модели и зголемување на конкурентноста на пазарот.

За развој на дигиталното и зеленото претприемништво потребно е да се обезбеди поддршка од целиот „екосистем“, за да се создадат соодветни услови и претприемничка клима. Преку воведување на теми од дигиталното и зеленото претприемништво во средното образование, на младите ќе им се укаже на глобалните трендови кои се карактеристични за современите бизниси, што претставува можност за создавање на идни конкурентни претприемачи.

Дополнително обуките за наставници/професори ги вклучуваа и следните активности:

- Запознавање на слушателите и претставување на програмите за АППРСМ
- Поим за дигитално претприемништво и зелено претприемништво
- Насоки за иновативен модел за решавање на дигиталните и еколошките предизвици и зајакнување на економскиот раст
- Практики и примери од дигитално и зелено претприемништво во РСМ
- Креирање на култура на дигитално/зелено претприемништво
- Достапност на моделите на финансирање/поддршка и програмите за финансирање на државно ниво, но и на регионално ниво
- Споделување на информации за достапност на бесплатни ресурси на материјали за збогатување на содржините за дигитално и зелено претприемништво

Комуникациска стратегија

За сите обуки се изготвија идентични материјали, и тоа:

- Сите материјали беа визуелно наменски брендирани
- Обуката беше однапред комуницирана до јаноста со повик за пријавување
- Фејсбук објава за настанот на официјалната страница на АППРМ #apprmk
- УАКС и ИПЛР исто така споделуваа постови на своите веб страници, ФБ и Инстаграм
- Покана за медиумско покривање
- Напис на Фејсбук за настанот со достапност на сите фотографии уште истиот ден
- Сертификати за успешно завршена обука
- Беа споделувани куси текстови пропратени со фотографии од одржаните обуки со Агенцијата за објавување на нивната ФБ страница
- Онлајн евалуациска форма беше споделена со сите учесници

Статистика на Фејсбук укажува на зголемени посети, интеракции и коментари од посетители, а се поврзани со објавите за обуките.

Податоци за учесниците

На обуките земаа учество 105 слушатели од повеќе градови и тоа: Скопје, Велес, Куманово, Свети Николе, Прилеп, Битола, Македонски Брод, Охрид и Струга. Родовата структура броеше 22% мажи и 78% жени.




Според етничката припадност 85% биле Македонци, 4% Албанци, 4% Срби, 2% Роми и 2% останати.



Резултати од евалуацијата

Може да се заклучи дека темите биле соодветно предадени од повратниот одговор на слушателите, понатаму дека присутните се стекнале со нови искуства и дека се задоволни и од предавачите и од обуката севкупно. Од повратниот одговор на слушателите може да се заклучи дека повеќе од 90% се стекнале со дополнителни знаења за дигитално и зелено претприемништво како и дигитални и зелени бизниси. Понатаму 69% се изјасниле дека се запознале со целите за одржлив развој на ОН. А обуката е оценета како многу ефикасна од страна на слушателите во целост.

Прилог 1. Евалуацијата на слушателите

Според предвиденото беа реализирани евалуации за обуката, содржината, предавачите. Собрани се вкупно 101 евалуација, а резултатите се поместени подолу во текстот. Одговорите се на скала од 1 - негативно искуство или целосно незадоволство до 5 позитивно искуство и целосно задоволство.

Графикон 1. Темите за дигитално и зелено претприемништво ги задоволија вашите очекувања




Графикон 2. Квалитет на материјалите за обука



Графикон 3. Се стекнав со нови знаења за дигитално претприемништво и дигитални бизнис модели




Графикон 4. Се стекнав со нови знаења за зелени бизнис модели




Графикон 5. Се запознав со целите за одржлив развој на Обединетите Нации



Графикон 6. Севкупно задоволство од обуката




Може да се заклучи дека темите биле соодветно предадени од повратниот одговор на слушателите, понатаму дека присутните се стекнале со нови искуства и дека се задоволни и од предавачите и од обуката севкупно. Од повратниот одговор на слушателите може да се заклучи дека повеќе од 90% се стекнале со дополнителни знаења за дигитално и зелено претприемништво како и дигитални и зелени бизниси. Понатаму 69% се изјасниле дека се запознале со целите за одржлив развој на ОН. А обуката е оценета како многу ефикасна од страна на слушателите во целост.

Во овој извештаен период за оваа програмска активност беа реализирани 233.519,00 денари.

## 1.8. Организирање на обуки за локални консултанти

Обуките со назив „Оптимизација на трошоци за избор на енергија" наменета за локални консултанти со цел за нивно здобивање на дополнителни знаења и вештини, со кои ќе им се помогне на претпријатијата во зајакнувањето на нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар, се реализираа во три места. И тоа, на 3ти ноември 2022 година во Скопје, Центарот за обуки на МАЦЕФ, во Битола, сала за обуки на Општина Битола на 30 октомври 2022 година, и во свечена сала на Општина Струмица, на 27ми октомври 2022 година.

Темата беше избрана по внимателна селекција на потребите на МСП, како и согласно досегашните анализи за потребите од обуки кај микро и малите претпријатија изработени во регионов и во Република Северна Македонија. Ограничени од малиот домашен пазар, МСП имаат потреба од интернационализација. Во услови на висока стапка на глобализација, конкурентноста на МСП може да се постигне само со оптимално користење на ресурсите и грижа за околината како предуслов идните генерации потрошувачи да ги купуваат производите и услугите. Имено, концептот на кружна економија им нуди можност на МСП да се позиционираат високо пред своите конкуренти кои работат по принципот на линеарна економија. На приказот подолу е сликовито објаснет концептот.




За постигнување на таа цел, МАЦЕФ спроведе обука која преку консултантите на МСП ќе им ги предочи основите за конкурентна предност на основа на заштеда на ресурси како што се суровини, понатаму ефикасна употреба на водата и енергија, воведување енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија во производните и услужните капацитети, пакување кое може понатаму да се примени како ресурс или повторно да се употреби, програми за “старо за ново“ и програми за “производи од втора рака’ за ранливите категории, грижа за потрошувачите, како и заокружување на концептот преку предвидени мерки за справување со евентуалниот отпад како последица од пакувањето или самиот производ или услуга. На овој начин МСП ќе придонесат за личен намален карбон принт, како и намалување на загадувањето на светско ниво, а во исто време да обезбедат конкурентна предност пред останатите играчи на светскиот пазар. Обуките се реализираа со следната програма:

- Вежба за искуствено запознавање со концептите за линиска и кружна економија
- Детално запознавање со концептот на кружна економија
- Примери за МСП кои на основа на овој концепт се истакнуваат на пазарот и стекнале конкурентна предност
- Заштеда на ресурси и отпад, еко пакувања, употреба на патентирани еко пакувања
- Енергетска ефикасност и употреба на ОИЕ во процес на производство и во услужни компании
- Примери за употреба на ИСО 50001 и енергетски сертификати како можност за зголемена позиционираност на пазарот. Можности за финансирање на вакви мерки, како додадена вредност за позиционирање на консултантите на пазарот (локално и ЕУ фондови)

Обуките беа концепирани во 5 последователни часови со кафе пауза и освежување. Обуката вклучуваше комбинација на практична обука, вежби и дискусии.

Слушателите беа контактирани преку базата на консултанти на АППРСМ од градовите и околните градови посолени за места на реализација на обуките, преку

канцелариите на планските региони. На обуките земаа учество 80 слушатели, во голема мера консултанти, но вработени со локални МСП. Според родовата припадност, 55 % мажи и 45 % жени, додека според етничката припадност 80% биле Македонци, 3% Албанци, 1% Турци, 5% Срби, 2% Босанци и 9% останати.

Обуките ги изведуваа универзитетски професори претприемачи и меѓу кои проф. др. Филип Ивановски, проф. др. Константин Димитров, м-р Јасминка Капац. Г-ѓа Даниела Димовска Трпковска од МАЦЕФ беше локален администратор на проектот.

За учесниците следеа комплет материјали за работа во групи и индивидуално, отпечатени презентации организирани во папки, пенкало и работна тетратка за секој учесник. По завршување на обуката на секој учесник беше доделен сертификат за успешно завршена обука. На крајот на обуката се спроведе и евалуација со цел да се утврди квалитетот на понудената обука и идни теми за кои би сакале да ги слушаат.

Исто така, сите учесници, по обуките, беа контактирани по електронска пошта и на сите им беше испратена порака за благодарност за учеството пропратена со презентациите. За брендирање на активностите се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за Агенцијата. Исто така, на почетокот на обуките со наменска презентација претставници од АППРСМ ја претставуваа програмата и активностите на агенцијата. Понатаму, во однос на медиумска промоција, покани беа комуницирани преку платена промотивна кампања на Фејсбук страницата на АППРСМ и на веб страницата/ФБ на МАЦЕФ и маилинг листата од над 1000 лица на МАЦЕФ.

Резултати од оценка на обуката од страна на слушателите

Евалуацијата беше спроведена преку електронска евалуациска алатка. Пополнети се вкупно 65 формулари за оценување. 100% од слушателите се изјасниле дека била поделена и комуницирана програмата за одржување на обуката и биле споделени презентациите.

Одговорите се манифестираат од 1– многу незадоволни до 5 многу задоволни.

График 1.




Според график 1 погоре се забележува дека 11% се неопределени, 65% се задоволни, додека и 24% се со целосно задоволни од опфатените теми во обуката.

График 2.




Задоволството од придружните материјали за обуката е на високо ниво, претставено во график 2, не се задоволни 2 % од слушателите, неопределени се 14 %, задоволни се мнозинството или 63%, додека 21 % се многу задоволни од понудените материјали.

График 3.




Задоволството од предавачите е претставено во график 3, многу задоволни од квалитетот на предавачите се 71 %, задоволни се 25 %, додека неопределени се 3% од учесниците.

График 4.




На исказот “Задоволство од местото на одржување на обуката“ 17% од испитаничките одговориле дека се многу задоволни од просторијата и условите, додека 63 % се задоволни, 16% се неопределени, додека 3% се изјасниле како незадоволни, график 4.

График 5.




На исказот „Се стекнав со нови знаења за советување на бизнисите за оптимизација на ресурси", 11% се неопределени, 71% одговориле дека се согласуваат, додека 17% целосно се согласуваат, график 5.

График 6.




На исказот „Се запознав со вештини за оптимизација на трошоци за енергија кај бизнисите", 3% не се согласуваат со изјавата, 21% се неопределени, 65% одговориле дека се согласуваат, додека 11% целосно се согласуваат, график 6.

График 7.




На исказот „Се запознав со концептот на кружна економија", 3% се неопределени, 79% одговориле дека се согласуваат, додека 17% целосно се согласуваат, график 7.

График 8.




11% од учесниците се неопределени во однос на севкупното задоволство од обуката, 71% се задоволни, а 17% се многу задоволни, график 8.

Во однос на оценката на обуката, мнозинството од слушателките се целосно задоволни од обуката во целина или 88%, и 89% од понудените теми. Понатаму, обуката овозможила да ги прошират нивните знаења за советување на бизнисите за

оптимизација на ресурси и тоа кај 88% од слушателите, 76% се стекнале со вештини за оптимизација на трошоци за енергија кај бизнисите, и мнозинството или 96% се запознале со концептот на кружна економија. Задоволството од материјалите за обуката, просториите за обука како и предавачите се на високо ниво.

Во овој извештаен период за оваа програмска активност беа реализирани 189.700,00 денари.

**1.9. Организирање на обуки за поддршка на микро и мали претпријатија**

Главна цел на Обуката е слушателите од микро, малите и средни претпријатија да го збогатат своето знаење во доменот влијанието на корупцијата врз ММСП секторот, а со тоа да се влијае на зголемување на здравата конкуренција во секторот. Обуките вклучуваа актуелни и напредни теми значајни за градење на заеднички ставови и настап во однос на политиките кои влијаат на економската клима и условите за нивно работење во земјата.

Целна група
- претприемачи од микро и малите претпријатија
- луѓе вработени во микро и малите претпријатија

Обуките се реализираа преку комбинација на теоретска настава и практична обука во траење од 6 часа и еден час предвиден за консултации со заинтересираните слушатели. Беше применета метода на искуствено учење во која слушателот е во фокус на наставата по системот на претприемачко учење на Универзитетот Харвард (САД.). Методите кои се применуваа се интерактивно изучување, наставни листи, студии на случај, видео материјали како индивидуална и групна работа. Беа поделени брендирани печатени материјали х 105 комплета со текстуален дел и презентации на темите за секој учесник. Материјалите беа споделени и преку клауд платформа. Дополнително, за подобра динамика на предавањата беа воведени и различни пристапи кон учење. Затоа предвидовме и: дискусии, мотивациски говорник, практична обука и други активности. За оптимална посетеност на обуките беа информирани медиумите, а истото беше комуницирано преку Фејсбук и Линкедин страницата на АППРСМ. Формулар за пријавување беше споделен со потенцијалните кандидати за обуката преку директен емаил, но и јавување на кандидатите кои биле дел од минатите обуки за наставници на АППРСМ.

Обуките ги изведуваа универзитетски професори и претприемачи и меѓу кои и: проф. др. Елена Бундалеска и проф. др. Снежана Христова.

На крајот беа секому доделени сертификати за успешно завршена обука. За брендирање на овие програмски активности се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за АППРСМ.

Обуките се одржаа во четири градови, и тоа: на 26ти октомври во Скопје – во тренинг центарот на ЕКОС, на 2ри ноември во Куманово – во Општина Куманово, на 1ви окетовмри во Охрид - СОУ „Св. Кирил и Методиј“ и на 4ти ноември во Тетово - ФСЦ - Мултимедија хаб, Универзитет на Југоисточна Европа.

Релевантноста на овогодинешната фокус теми на обуките за влијанието на корупцијата врз ММСП секторот вклучуваат разработка и разбирање на корупцијата, што се претставува корупција, видови корупција, корупција во различни сектори (државен, јавен, приватен), права и обврски кои субјектите ги имаат во доменот на спречување на корупција, аргументи за непоттикнување, неучествување, неодржување на корупција, имплементирање на ефикасна програма за борба против корупцијата, индивидуални антикорупциски мерки и мерки за избегнување на потенцијални ситуации на корупција, разбирање на процесот на креирање на политики, здружување, заедничко постапување со цел поголемо влијание во процесот на креирање на политики и презентации на добри примери поврзани со темата.

Дополнително обуките за ММСП ги вклучуваа и следните активности:

- Запознавање на слушателите и лична мотивација за учество во обуката;
- сесија за поттикнување на тимскиот дух: активно слушање и комуникација;
- дискусии за зголемување на транспарентноста;
- креирање на предлог политики со учесниците за справување со корупцијата;
- запознавање на учесниците од микро, малите и средни претпријатија со механизми за изнаоѓање на дополнителни ресурси, знаење и искуство за да спроведат ефективни антикорупциски мерки.

Податоци за учесниците

На обуките земаа учество 105 слушатели од Скопје, Куманово, Охрид и Тетово. Меѓу кои 23,8% беа жители на градот Скопје, 16,2% од присутните беа жители од градот Куманово, 25,7% од Охрид и 34,3% од Тетово. Родовата структура броеше 56,2% мажи и 43,8% жени, додека пак според родовата припадност 60,9% биле Македонци, 27,6% Албанци, 6,7% Турци, 1,9% Срби, 1,9% Бошњаци, 1% останато.

Комуникациска стратегија
За сите обуки се изготвија идентични материјали, и тоа:

- Сите материјали беа визуелно наменски брендирани
- Обуката беше однапред комуницирана до јавноста со повик за пријавување
- Фејсбук објава за настанот на официјалната страница на АППРМ #apprmk
- Линкедин објава за настанот на официјалната страница на АППРМ
- Покана за медиумско покривање
- Напис на Фејсбук за настанот со достапност на сите фотографии уште истиот ден
- Сертификати за успешно завршена обука
- Беа споделувани куси текстови пропратени со фотографии од одржаните обуки со Агенцијата за објавување на нивната ФБ страница
- Онлајн евалуациска форма беше споделена со сите учесници

Статистика на Фејсбук укажува на зголемени посети, интеракции и коментари од посетители, а се поврзани со објавите за обуките.

Прилог 1. Евалуацијата на слушателите

Според предвиденото беа реализирани евалуации за обуката, содржината, предавачите. Собрани се вкупно 100 евалуации, а резултатите се поместени подолу

во текстот. Одговорите се на скала од 1 - негативно искуство или целосно незадоволство до 5 позитивно искуство и целосно задоволство.

Графикон 1.

Темите опфатени со обуката ги задоволија вашите очекувања.




Графикон 2. Квалитет на материјалите за обука




Графикон 3. Задоволство од предавачите



Графикон 4. Задоволство од просторијата каде што се одржа обуката.




Графикон 5. Се стекнав со нови знаења во доменот влијанието на корупцијата врз ММСП секторот.




Графикон 6. Се запознав во вештини знаења во доменот влијанието на корупцијата врз ММСП секторот.



Може да се заклучи дека темите биле соодветно предадени од повратниот одговор на слушателите, понатаму дека присутните се стекнале со нови искуства и дека се задоволни и од предавачите и од обуката севкупно. Од повратниот одговор на слушателите може да се заклучи дека кај 90% се стекнале со дополнителни знаења во доменот влијанието на корупцијата врз ММСП секторот, додека 88% се запознале и со вештини во исиот домен, за 88% од учесниците обуката понудила квалитетни материјали. Високи 93% од учесниците се задоволни од предавачите.

Во овој извештаен период за оваа програмска активност беа реализирани 197.789,00 денари.

## 1.10. Промоција на социјалното претприемништво

Целта на обуките беше да се приближи концептот на работење на социјално претпријатие и/или реализација на социјални иницијативи, како и разлики помеѓу активности на корпоративна општествена одговорност и социјални претпријатија. Актуелноста се зголемува со Мрежата на социјални претпријатија и законските измени кои ќе овозможат работење на ваквите иницијативи. Целна група беа претставници од микро и мали фирми, како и потенцијални деловни иницијативи.

Потенцијалните слушателки беа информирани за можноста преку стопанските комори, канцелариите на планските региони, локалните канцеларии соработници на АПП, женски здруженија, агенциите за вработување како и претприемачи. Обуките беа реализирани во Прилеп (Економски факултет - Прилеп) – 21ви октомври 2022 г. и Велес (Училиште Димитрија Чуповски) – 2ри ноември 2022 г. Обуките се реализира во еден ден, 5 последователни часови со кафе-пауза и освежување.

На обуките земаа учество 44 слушатели. Според родовата припадност 56% Македонци, 16% Власи, 15% Срби, 5% Роми и 8% останати етникуми. Според родовата припадност 81% биле жени, а 19% мажи.

Наставата вклучуваше комбинација на практична обука, вежби и дискусии. Обуките ги изведуваа проф др. Снежана Мојсоска Саламовска и доцент др. Ивона Милева, додека Сандра Темова беше локален администратор на проектот.

Програмата ги вклучување следните теми:

- Разлики помеѓу профитно и непрофитно претприемништво
- Идентификување на разликите помеѓу концептите на ОО и социјално претприемништво
- Начини и модели за финансирање на социјални претпријатија
- Социјални иновации и социјално претприемништво
- Финансирање на социјални претпријатија
- Запознавање со Мрежата на социјални претпријатија

За учесниците следеа комплет материјали за работа во групи и индивидуално, отпечатени презентации организирани во папки, пенкало и работна тетратка за секоја учесничка.  По завршување на обуката на секоја учесничка и беше доделен сертификат за успешно завршена обука. На крајот на обуката ќе се спроведе и евалуација со цел да се утврди квалитетот на понудената обука и идни теми за кои би сакале да ги слушаат. Банер брендиран со АППРСМ беше поставен на двете обуки пред слушателките. Маја Петрова им се обрати на слушателките со информации и алатки кои се нудат преку Агенцијата за поддршка на претприемништвото.

Исто така, сите учесници, по обуките, беа контактирани по електронска пошта и на сите им беше испратена порака со презентациите.

За брендирање на активностите се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за Агенцијата. Исто така, на почетокот на обуките со наменска презентација претставници од АППРСМ ја претставуваа програмата и активностите на агенцијата. Понатаму, во однос на медиумска промоција, покани беа комуницирани преку Фејсбук страницата на АПП и на веб страницата/ФБ на ЕКОС.

Во однос на оценката на обуката, мнозинството од слушателките се задоволни од обуката во целина или од понудените теми. Но, има потреба од дополнителни образовни и промотивни содржини како би се зголемил интересот за социјални претпријатија, и како би се правела разлика со концептот на општествена одговорност.

Резултати од оценка на обуката од страна на слушателките

Евалуацијата беше спроведен со прашалник непосредно пред завршување на обуката. Пополнети се вкупно 44 формулари за оценување.

Одговорите се манифестираат од 1– многу незадоволни до 5 многу задоволни освен ако не е поинаку наведено.




На графикот подолу се забележува дека поголемиот ден од слушателките биде задоволни од понудените материјали и презентацијата за времена на обуката.




Мнозинството одговориле дека се запознале со концептот на социјалните бизниси и нивната улога.




Оваа тематика е тешка за разбирање, а особено што кај нас е скорешен тренд. Можеби резултатите ја отсликуваат реалноста и проблемите со кои социјалните бизниси се соочуваат. А од друга страна концептот е комплексен за разбирање во кратки обуки. Потребно е повеќе време да се посвети на разјаснување на концептите, а особено преку примери.



Како и претходното прашање, многу од присутните нецелосно ги разликуваат активностите за општествена одговорност од целосно социјални деловни потфати. Многу често концептите се преплетуваат, и можеби тоа води кон забуна. Потребни се понатамошни обуки.




Мнозинството биле задоволни во целост од обуката согласно графикот погоре.







Согласно евалуацијата обуката ги задоволила очекувањата на слушателите, но потребна се дополнителни образовни програми како свеста би се зголемила.

Во овој извештаен период за оваа програмска активност беа реализирани 137.653,00 денари.

## 1.11. Поддршка на женско претприемништво

Главна цел на обуките со назив „Жени претприемачки – искуства, примери и совети“ на АППРСМ наменети за жените-потенцијални или сегашни претприемачки беше подигање на нивото на конкурентност кај потенцијални и постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи, но и поттикнување на нови жени претприемачи.

Потенцијалните слушателки беа информирани за можноста преку стопанските комори, канцелариите на планските региони, локалните канцеларии соработници на АПП, женски здруженија, агенциите за вработување како и претприемачи. Обуките беа реализирани во Кавадарци (голема сала на општина Кавадарци) – 19ти октомври 2022 г. и Штип (сала за обуки, НУ Центар за Култура „Ацо Шопов" Штип - 18ти октомври 2022 г. Обуките се реализира во еден ден, 5 последователни часови со кафе-пауза и освежување.

На обуките земаа учество 43 слушателки. Според родовата припадност 82% биле Македонки, 9% Влаинки, 5% Србинки, 2% Ромки и 2% останати.

Наставата вклучуваше комбинација на практична обука, вежби и дискусии. Обуките ги изведуваа м-р Ирена Јакимова, тренер за личен развој и професорката Македонка Димитрова, додека Сандра Темова беше локален администратор на проектот.

За учесниците следеа комплет материјали за работа во групи и индивидуално, отпечатени презентации организирани во папки, пенкало и работна тетратка за секоја учесничка. По завршување на обуката на секоја учесничка и беше доделен сертификат за успешно завршена обука. На крајот на обуката ќе се спроведе и евалуација со цел да се утврди квалитетот на понудената обука и идни теми за кои би сакале да ги слушаат. Банер брендиран со АППРСМ беше поставен на двете обуки пред слушателките. Маја Петрова им се обрати на слушателките со информации и алатки кои се нудат преку Агенцијата за поддршка на претприемништвото.

Исто така, сите учесници, по обуките, беа контактирани по електронска пошта и на сите им беше испратена порака со презентациите.

За брендирање на активностите се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за Агенцијата. Исто така, на почетокот на обуките со наменска презентација претставници од АППРСМ ја претставуваа програмата и активностите на агенцијата. Понатаму, во однос на медиумска промоција, покани беа комуницирани преку Фејсбук страницата на АПП и на веб страницата/ФБ на ЕКОС. Објавите на ФБ бележат голема популарност што се гледа од сликата.

Во однос на оценката на обуката, мнозинството од слушателките се целосно задоволни од обуката во целина или повеќе од 90%, и од понудените теми. Понатаму, обуката овозможила да ги прошират нивните знаења за алатките за поддршка на жени во претприемништвото. Обуката кај повеќето допринела за збогатување на мрежата на деловни контакти. Кај мнозинството овозможила запознавање со нови модели на финансирање. Задоволството со материјалите за обуката, просториите за обука како и предавачите на високо.

Содржина на обуките
Обуките вклучуваат специфични теми за поддршка на женското претприемништво

- Информираност на жените претприемачи за инструментите за финансиска поддршка на женско претприемништво, согласно Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019-2023 година.

- "Градење силен mindset и навики на успешна жена претприемач"
- Запознавање со меѓународни финансиски шеми за поддршка на ЖП
- Запознавање со локални финансиски шеми за поддршка на ЖП
- Запознавање со останати алатки за поддршка на ЖП
- Одржување на конкурентна предност
- Конкурентна предност на основа на интелектуална сопственост
- Финансирање на иновации и интелектуална сопственост
- Вмрежување на жени во кластери

Резултати од оценка на обуката од страна на слушателките
Евалуацијата беше спроведена преку електронска евалуациска алатка. Пополнети се вкупно 43 формулари за оценување.

Одговорите се манифестираат од 1– многу незадоволни до 5 многу задоволни освен ако не е поинаку наведено.




На графикот подолу се забележува дека поголемиот ден од слушателките биде задоволни од понудените материјали и презентацијата за времена на обуката.




Мнозинството одговориле дека се запознале со предизвиците со кои се соочуваат жените претприемачи во текот на основање и раководење на бизнис што е многу важно како би можеле да бидат истрајни и да си помагаат во рамки на разни мрежи.




Поради ограничените часови на реализација на обуката, дел од слушателките не доволно се запознале со механизмите за финансирање на бизниси. Иако, поголемиот дел се изјасниле дека се запознале, сепак има значаен дел од нив кои дополнително треба да информираат и тоа не само еднократно туку во континуитет.




Менаџирањето на времето и балансот меѓу домашните и деловните обврски кај жените е голем предизвик. Поголемиот дел се сложиле дека се стекнале во вештини за менаџирање на времето, но потребни се понатамошни обуките.



Мнозинството биле задоволни во целост од обуката согласно графикот подолу.




Согласно евалуацијата обуката ги задоволила очекувањата на слушателките, но потребна е дополнителна работа и активности за поддршка на жените во раководење со бизнисите.

Во овој извештаен период за оваа програмска активност беа реализирани 120.035,00 денари.

## 1.12 Кофинансирање на Junior Achivment

Со цел за развој и соработка во делот на поддршката и промоцијата на претприемништвото и јакнењето на претприемачката култура и претприемачкиот дух кај младите луѓе – учениците, а заради остварување на заедничките интереси и меѓусебна соработка на двете институции, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија согласно точката 12 од Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2022 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.95/22 ), даде поддршка преку Кофинансирање на национален натпревар на средношколци од земјава, кој ќе се одржи во месец мај 2022, во организација на Џуниор Ачивмент Македонија, во рамките на "Програма за претприемничко образование-ученичка компанија" и церемонија за прогласување на победници, со учество и поддршка на претставници од бизнис секторот, невладини организации, донатори и АППРСМ.

**Националниот натпревар на најдобри ученички компании** е главниот настан посветен на напорната и посветена работа на учениците и нивните наставници-ментори, кои во рамки на нивните Џуниор Ачивмент ученички компании работат во текот на учебната година. Преку овој натпревар учениците пред пошироката јавност и жири комисијата ги претставуваат производите и услугите кои ги развиле.

Натпреварот се состои од неколку фази, кои опфаќаат доставување компаниски извештај и креирање видео и ПП презентација пред жири комисијата.

Преку овој вид на натпревар, учениците ги зајакнуваат своите претприемачки вештини, тимска работа и вештини за виртуелна презентација пред жири комисија - вештини кои им се потребни за интервју за работа, интервју за запишување на факултет или за идно вработување.

Сите 20 ученички компании кои се пријавија за учество на натпреварот, добија шанса да се натпреваруваат (Анекс 2). Учениците имаа задача да:

- напишат компаниски извештај
- снимат кратко промотивно видео
- подготват ПП презентација и
- ја претставаат својата компанија и да одговараат на поставените прашања од жири комисијата, за време на натпреварот.

Официјалното отворање на националниот натпревар беше на 26ти мај во конференциската сала на хотелот по што започнаа сценските презентации пред жири комисијата. Секој тим имаше задача да ја претстави својата идеја и проивод во времетраење од 3 минути.

Ученичките компании ги претставија своите производи или услуги пред жири комисијата составена од:

- Александра Сиљаноска – М6 Educational Center
- Маја Петрова -АППРСМ
- Ивица Пешовски – Brainster IT Company
- Јован Гавриловски – EUGEC GIZ
- Арбреша Влаши Центар за развој ја Југозападен плански регион
- Јордан Ангеловски – AD MEPSO

Победничките тимови беа селектирани преку вкупниот број освоени бодови, доделени од членовите на жири комисијата.

Свечената церемонија за доделување на наградите се одржа на 27 мај. На свечената церемонија, на учесниците им се обратија г-дин Џејмс Стајн, Претставник на канцеларијата на УСАИД во РСМ и г-дин Јетон Шаќири, Министер за образование и наука.

Според бодовите кои ги додели шестчлената жири комисија, победник на овогодинешниот национален натпревар е ученичката компанија од **ОСУ Ацо Русковски, Берово – Beauty & Health – Elladont во состав:**

- Андреј Попчевски
- Бојана Арменска
- Даниел Димовски
- Ангел Биковски
- Христина Бошнаковска

Наставник ментор: Цветанка Пеовска

Компанијата Beauty&Health се занимава со изработување паста за заби Elladont, која е еколошка и изработена од природни и здрави состојки. Наменета е за секоја возраст, вклучувајќи ги и најмалите. Со ова се овозможува најздрава нега уште од мали нозе. Основните состојки кои се користат се: сода, кристали од ментол,

прополис и лимон. Компанијата издвојува и неколку со различни вкусови, како на пример: шумски плодови (јагода, боровница, малина, аронија, рибизла), лековити билки: лаванда, мајчина душица, нане, жалфија, жолт кантарион. Овие вкусови се одбрани, бидејќи произлегуваат од природни билки што учениците лично ги собираат од еколошки чист регион, како што се Малешевските Планини.

Втора награда - **СУГС Раде Јовчевски – Корчагин, Скопје - InnoPazio** ученици од втора година:

- Викторија Поповска
- Екатерина Стојаноска
- Невена Митевски
- Сара Андоновска
- Милијана Стојановиќ

Наставник ментор: Татјана Голчева

Innopazio произведува модернизиран подметач за топли напитоци, кој ја конвертира топлинската енергија во електрична, со што овозможува напојување на мобилните уреди, независно од положбата. Земајќи предвид дека електронските уреди се неопходен фактор во човековото секојдневие и неговото активно функционирање, ученичката компанија имаше за цел да создаде продукт кој не постои на нашиот пазар, со што конкуренцијата е сведена на минимум.

Производот ја користи топлината, која е нуспроизвод на сите процеси на конвертирање на енергија, независно од видот.

Трето наградени се учениците од трета година од **СЕУПГС Васил Антевски Дрен, Скопје – Мидори**:

- Вања Чижбаноски
- Елеонора Ачковска
- Ангела Бошковска
- Дамјан Ѓорѓиевски
- Христијан Дебарлиев

Наставник ментор: Радојка Хелман Денковска

Ученичката компанија Мидори нуди платформа во вид на виртуелна видео игра, како пракса за учениците од средните училишта, кои сакаат да го развиваат и негуваат претприемничкиот дух. Платформата ќе биде достапна за сите категории ученици, вклучувајќи ги и лицата со потешкотии во учењето, како дислексија и ученици кои имаат проблеми со моториката. Тие ќе имаат можност да креираат свој бизнис и да се стават во улога на менаџер. Видео играта ќе содржи константни проблеми со кои ќе се соочуваат, како конкуренција, неуспешен маркетинг, правни, сметководствени и финансиски проблеми. Доколку бизнисот пропадне, мора да започнат од почеток, да генерираат нова идеја и да започнат нов бизнис. Апликацијата ќе содржи и едукативен дел со информации за сите промени на

пазарот, совети за бизнис и претприемништво и други теми како блокчејн технологијата и дигиталните валути.

Втора година по ред а во насока на унапредување на општествената одговорност и етичко однесување кај средношколците, ЏА Македонија објави конкурс за избор на најдобар есеј за **Етичка дилема во бизнис**. Со цел да се охрабрат младите да развиваат вештини, морални принципи и вредности, на учениците им беше дадена задача да напишат есеј од најмалку 500 зборови, во кој ќе ја анализираат состојбата на поставената етичка дилема и јасно ќе го презентираат својот критички став кон проблемот.

Дел од Програмата за ученички компании беше и изборот за наградата за Најпретприемничко училиште и Наставник на годината, чии победници беа прогласени на свечената церемонија за доделување на награди. Па така според оценките на жири комисијата, Ведрана Петрова од СУГС Јосип Броз Тито е победникот на курсот за Етичка дилема, професорката Весна Црнеска Симовска од СУГС Јосип Броз Тито е избрана за наставник на годината, додека СОУ Љупчо Сантов од Кочани е најпретприемничкото училиште за учебната 2021/2022.

Џуниор Ачивмент Македонија воспостави партнерство со Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РСМ, компанијата Пакомак и Семос едукација, Бизнис Академија Смилевски, Национален младински совет на Република Македонија, GDi Skopje и Brainster да учествуваат и да ја поддржат организацијата на овој натпревар.

Сите учесници добија сертификати за учество и дипломи, а победничкиот тим доби и ваучер од 500 евра за посета на ИТ курсеви, доделен од Семос центарот за едукација.

**Список на ученички компании на Националниот натпревар на ученички компании**

| | Град | | Училиште | VET/Г | Име на УК |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Берово | ОСУ | Ацо Русковски | Г | Beauty&Health (Elladont) |
| **2** | Битола | СОУ | Јосип Броз Тито | Г | Cool friza |
| **3** | Битола | СОУ | Јосип Броз Тито | Г | JBT hikers |
| **4** | Велес | ССОУ | Димитрија Чуповски | VET | WINN |
| **5** | Виница | СОУ | Ванчо Прке | Г | AVIMP Cold |
| **6** | Гостивар | СОМУ | Гимназија Гостивар | Г | FutureU DOO |
| **7** | Кочани | СОУ | Љупчо Сантов | VET | Smart Shopping Cart |
| **8** | Кочани | СОУ | Љупчо Сантов | Г | Smart Outfit |
| **9** | Кочани | СОУ | Љупчо Сантов | VET | Virtual Zone |
| **10** | Кочани | СОУ | Љупчо Сантов | VET | Fimbas |
| **11** | Прилеп | СОУ | Кузман Јосифоски-Питу | VET | AquaMaker |
| **12** | Скопје | СГГУГС | Здравко Цветковски | VET/Г | ЕкоАрх |
| **13** | Скопје | СУГС | Јосип Броз Тито | Г | Green Cycle |
| **14** | Скопје | СУГС | Јосип Броз Тито | Г | Progress Parking Solution |
| **15** | Скопје | СУГС | Лазар Танев | VET | ТИН - ТРАВЕЛ |
| **16** | Скопје | СУГС | Лазар Танев | VET | ГАСТРО - ТИН |
| **17** | Скопје | СЕТУГС | Михајло Пупин | VET | MPSettings |
| **18** | Скопје | СУГС | Раде Јовчевски - Корчагин | Г | Urban space |
| **19** | Скопје | СУГС | Раде Јовчевски - Корчагин | Г | InnoPazio |
| **20** | Скопје | СЕПУГС | Васил Антевски Дрен | VET | Мидори |

Во овој извештаен период за оваа програмска активност беа реализирани 100.000,00 денари.

## 1.13. Подготовка на годишен извештај – Опсерваторија за МСП

Здравствена криза предизвикана од пандемијата на вирусот Ковид-19 ја дефинираше 2020 година се прелеа во 2021 година. Оваа ситуација влијаеше на финансиските пазари, деловните субјекти, како и воопшто на светската економија со голем акцент на справување со промените во работењето на компаниите предизвикано од извршување на задачите во домашни услови и вонредни услови, промени во однесувањето на потрошувачите, како и промени во ланецот на вредности.

Следствено, глобална здравствена и економска криза во 2021 година предизвика големи промени во начинот на работењето на ММСП како во светот, така во регионот на Западен Балкан и Република Северна Македонија. Економската криза изврши трајно влијание и промена на парадигмата на водење бизнис, движечките сили како и институционалните механизми за поддршка на бизнисите. Растечката инфлација, зголемувањето на цените на горивата како и прекините во ланците на снабдување во голема мера влијаеше на позицијата на ММСП, некои компании ги прекинаа своите операции трајно, некои привремено, а некои пак пандемијата причини да се основаат. Иако процесите за менување се започнати, допрва ќе се согледуваат и анализираат во пост-пандемски економски услови, и тоа новите бизнис модели, прилагодување на политиките за извоз, човечки ресурси, финансии и маркетинг. Угостителскиот сектор е помеѓу на најоштетените, за кој се очекува бавно опоравување. Додека растечките цени на горивата и енергенсите ќе условат поголеми промени во сите пори на работењето на компаниите.

Во текот на 2021 година, владините институции, меѓународните организации како и финансискиот сектор ги пренасочија активностите кон активно спроведување на мерките на Владата за олеснување на последиците од пандемијата кај најпогодените деловни субјекти, како населението така и компаниите. Владините институции реализираа поголем број на активности и тоа, АППРСМ ги реализираше редовните програмски активности за поддршка на ММСП, ФИРТ ги прошири активностите за дополнителна поддршка на младите компании и оние кои им требаше дополнителен импетус за продолжување на деловните активности, АВРСМ реализираше дел од поддршката за започнување сопствен бизнис, а Министерството за економија ги реализираше предвидените буџетски средства за поддршка на конкурентноста и пласман на меѓународни пазари.

Во годините кои следат секторот на ММСП ќе биде исправен пред големи предизвици и промени кои ги носи дигиталното и работењето на далечина, но и резервен план кој ќе помогне во намалување на последиците од слични вонредни ситуации.

Главна цел на годишниот извештај за секторот на МСП е да создаде одржлив механизам за следење, анализирање и подготвување на политики кои ќе бидат пред се во интерес на приватниот сектор. Во таа насока, годишните извештаи што се подготвуваат секоја година, во голема мера им помагаат на креаторите на политиките во државата, пред се луѓето кои работат Министерствата надлежни за развој ма МСП секторот и кои се задолжени за подготовка на стратегии, програми и акциони планови за мали и средни претпријатија. Покрај ова, податоците кои се обработуваат во овие годишни извештаи исто така се користат од страна на голем

број институции, организации и проекти при изработка на најразлични анализи, трудови и извештаи.

Примарна цел на Опсерваторијата е преку “ex post“ анализа која се фокусира на учинокот од досегашните спроведени политики преку одржлив механизам за следење, анализирање и подготвување на извештаи во кои податоците се синтетизирани во стратешки препораки за креирање на проактивни ефективни и ефикасни политики во доменот на приватниот сектор. Првенствено целта на овие е извештаи е да им помогне на креаторите на политики во државата, пред се на луѓето кои работат во Министерството за економија и кои се задолжени за подготовка на стратегии, програми и акциони планови за мали и средни претпријатија.

Со анализата за 2021 година беа опфатени повеќе области од работењето на малите и средните претпријатија како што се:

**1. Улогата на МСП во економскиот развој**

1.1 Стратешка рамка за развој на МСП

**2. Макроекономска состојба во 2021 година**

2.1 Глобална макроекономска состојба

2.2 Макроекономско опкружување во РСМ

2.3 Бруто додадена вредност на производство по основни цени

**3. Правна регулатива**

3.1 Преглед на правна рамка

3.2 Класификација на претпријатијата

3.3 Отворање на бизнис

**4. Демографија на претпријатијата**

4.1. Активни претпријатија по сектори во 2021 година

4.2. Бизнис демографија и бизнис динамика

4.2.1. Демографија на претпријатија според основањето

4.2.2 Активни претпријатија по општини

4.2.3 Трговец поединец

4.2.4. Занаетчиство и креативни индустрии

4.3. Влијание на Ковид-19 на МСП

4.3.1 Состојби кај угостителските претпријатија предизвикани од Ковид -19

**5. Трговија**

5.1. Извоз

5.2. Увоз

5.3. Обем на размена и трговски дефицит

5.4 Електронска трговија

**6. Пазар на труд**

6.1 Вработување

6.2 Самовработување

6.3 Вработување по сектори на економска активност

6.4 Вработување според видот на сопственост на претпријатијата

6.4.1 Креативни индустрии

6.5 Невработеност во Република Северна Македонија

6.6 Програми за поддршка на вработувањето

**7. Финансиска состојба и финансирање на МСП**

7.1 Кредитни линии и грантови за развој на МСП

7.1.1 Фонд за иновации и технолошки развој

**8.Општествена одговорност и Цели за одржлив развој на Обединетите нации**

Идна заложба на Опсерваторијата е да започне со прибирање на податоци директно од претпријатијата. Ова ќе се спроведува во иднина на база на анкета каде што податоците за обработка би се добивале директно од страна на претприемачите.

Во овој извештаен период за оваа програмска активност беа реализирани 189.000,00 денари.

**2. Финансиски извештај**

Наведените програмски активности и плаќања се завршени заклучно со 31 декември 2022 година како што е наведено во финансискиот дел на овој извештај.